ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 30-293/9**

**Дата: 12.04.2012**

**ДО**
**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Кисела Вода на сметката на приходи на буџет на дотации (930) за 2010 година.

Во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година беше дадена една препорака и е констатирано дека препораката делумно е спроведена.

На оваа сметка се евидентирани трансферите од централната власт по основ на наменски и блок дотации од областа на образованието и детската заштита. Средствата се користат за основни плати и надоместоци, придонеси за социјално осигурување од работодавачите, останати придонеси од плата, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, ситен инвентар, алат и други материјали за поправки, поправка и тековно одржување, договорни услуги и за привремени вработувања. Општина Кисела Вода е влезена во втора фаза на фискална децентрализација во 2007 година.

Изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кисела Вода за 2010 година.

---

*Ревизорски тим:* | *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ | ______________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на сметката за приходи на буџет на дотации (930) за 2010 година на Општина Кисела Вода, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи за 2006 година и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кисела Вода за 2006 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кисела Вода под 31.12.2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2006 година изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Марјан Ѓорчев, градоначалник во 2010 година на Општина Кисела Вода.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кисела Вода се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

**1. Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена на ден 30.12.2011 година кај Општина Кисела Вода од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година.
Дадена е една препорака и истата е спроведена на сметката на крајот на годината има неискористени средства во износ од 1,360 илјади денари кои во вкупните приходи учествуваат со 0,56 % , што значи дека средствата се трошат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година за која се дотирани согласно финансиските планови на корисниците на тие средства.

**4. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кисела Вода на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени

политики. Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

Скопје, 05.04.2012 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 0 | 1.499 |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 243.472 | 237.637 |
| **Вкупно приходи** | | **243.472** | **239.136** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 186.900 | 175.034 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 55.212 | 54.948 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **242.112** | **229.982** |
| **Вкупно расходи** | | **242.112** | **229.982** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1.360** | **9.154** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2010 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.360 | 9.154 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.360** | **9.154** |
| **Вкупна актива** | | **1.360** | **9.154** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 1.360 | 9.154 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1.360** | **9.154** |
| **Вкупна пасива** | | **1.360** | **9.154** |